IN MEMORIAM

# Д-р ВАСА БОГДАНОВ

Точно пред три месеца, на 9 октомври 1967 година, изненадно почина д-р Васа Богданов, професор по историја на народите на Југославија — нов век — при Филозофскиот фкултет во Загреб и член на Југословенска Академија знаности и умјетности.

Професорот Богданов е роден во Панчево 1902 година. По завршувањето на студиите во Беч и Белград бил професор во гимназија во разни места во Војводина, а најпосле, од 1929 до 1941 година, во Загреб но со чести прекиди, бидејќи бил отпуштан од државна служба и затворан заради неговата напредна општествено-политичка активност. По ослободувањето ја продолжил со уште поголем елан неговата општествено-политичка и научна работа и ја примил Катедрата по историја на народите на Југославија од новиот век во Загреб, на која останал се до смртта.

Уште од својата најрана младост, здобивајќи се со солидно и широко образование, Богданов се упатил кон смерот на слободоумното сфаќање и став спрема актуелните општествено-политички и културни прилики. Тој, уште како студент, веднаш по Првата светска војна, во 1919 год. стапил во работничкото движење. Макарштo оваа ориентација за еден интелектуалец била полна со најголеми опасности во условите на предвоена Југославија, тој непоколебливо останал во редовите на тоа движење без оглед на тешкотиите на кои бил излаган. Со преданост и жар на искрен приврзаник и борец, тој во рамките на тоа движење низа години развивал организациона и публицистичка активност. Така, тој бил уредник на неколку напредни книжевно-општествени списанија: Nova Vojvodina (Велики Бечкерек, 1922—1923), Szervezett Mukás) Суботица, 1927—1929), Literatura (Загреб, 1931—1932), Savremena stvarnost (Загреб, 1933) и Rečat (Загреб, 1939). Покрај тоа соработувал и во други напредни листови и списанија, како што се: Организовани радник (Београд, 1934—1937), Данас (Београд, 1934), Израз (Загреб, 1939). Многу свои трудови кои тогаш ги објавувал ги потпишувал со разни псевдоними. По ослободувањето ја продолжил својата организационо-публицистичка активност и бил иницијатор и соработник на некои позначајни публикации во Загреб.

Основната научна преокупација на Васа Богданов била изучување на поновата историја на народите на Југославија. Од таа област тој објавил цела низа забележителни работи, како во посебни изданија така и во вид на статии и расправи. Основната нивна тематика е општествено-економските прилики во Војводина во минатиот век, односите со Унгарците, револуцијата во 1848 година, српско-хрватските односи, политичките прилики во Хрватска, со посебен осврт на работата на Старчевиќ, Супило и Крижаниќ. Од посебно значење се неговите поголеми трудови: „Hrvatska ljevica u godinama revolucije 1848 i 1849 godine" и „Društvene i političke borbe u Hrvatskoj 1848 и 1849 god.". Исто така значајна е и неговата студија „Hrvatska revolucionerna pjesma iz godine 1794 o učešću Hrvata i Srba u zavjeri Martinovičevih jakobinaca". Од областа на есеистиката значајни се неговите расправи: „Marksizam i socijalizam", „Historijska

uloga društvenih klasa u rješavanju južnoslovenskog nacionalnog pitanja", „Uloga podunavskih Slovena 1848 i 1849 godine u svijetlu novih istraživanja sovjetske historiografije", „O revolucionarnosti i kontrarevolucionarnosti nacionalnih pokreta u Podunavlju 1848—1849", „Historijsko značenje urote Zrinskih i Frankopana", „O osnovnim linijama u nacionalnom razvoju južnoslovenskih naroda" и т. н.

Професорот Богданов со својата научна активност се истакнувал на многу собири и конгреси на историчарите кај нас и во странство. Тој во нашата наука имал еден свој определен став, став на историчар марксиста кој од таа позиција ги проценувал историските настани, појави и личности. Преку тој пат тој укажувал на грешките и заблудите на нашата родољубива буржоаска историографија и давал значајни преценки. Тој став честопати го доведувал до полемики со застапниците на другите гледишта, но тој знаел својот став успешно да го брани со својата богата аргументација, со слаткоречивоста и темпераментноста.

Васа Богдановиќ не бил само научник од кабинетски ков, изолиран од современите друштвени настани. Напротив, тој во нив многу активно учествувал, пренесувајќи го сето богато спечалено знаење и искуство дури и на обични друштвено-политички собири. Таа напредна мисла за улогата на научникот во друштвото одела паралелно со другата за прогресивниот развиток на нашата сегашнина во сите правци особено во правецот на афирмирање на идеите за братство и единство на сите наши народи. Не била мала ниту неговата улога како организатор на научната работа во факултетот, како предавач и воспитувач на многу студентски организации.

Била позната неговата пристапност, готовноста за соработка, желбата за унапредување на научната мисла и за изградување на нови научни кадри. Во правец на обединување на научната работа кај нас, тој сакал соработка на научните работници од сите наши народи во Југославија во Југословенската Академија знаности и умјетности, како би можела оваа висока научна установа и со тоа да го оправда своето име.

Со големи симпатии го следел развитокот на република Македонија а особено развитокот на нејзината историска наука. Желбата не му се оствари да дојде и со неа директно да се запознае.

Ненадејната смрт ја прекина работата на Васа Богданов. Тоа претставува голема загуба за нашата историска наука и за нашата друштвено-политичка работа воопшто. Но она што го сторил останува како висок придонес не само на хрватската туку и на општата југословенска мисла и активност.

Скопје, 9. I. 1968 год. А. Лаиновиќ

Забелешка: Прочитано на собирот на членовите на Катедрата за историја на Филозофскиот факултет во Скопје на 9. I. 1968 год. Со свои искажувања за ликот на проф. д-р Богданов говореа и другите членови на катедрата.